Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-76/1
15-01-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-758/1 од 27.10.2023 година поднесена од [redacted] од Скопје против Министерство за образование и наука, поранешната министерка [redacted] и сегашниот министер Јетон Шаќири и [redacted] за извршено вознемирување/дискриминација по основ на пол и личен или општествен статус во областа работа и работни односи, врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/20), Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 09.01.2024 година го донесе следново

## **МИСЛЕЊЕ**

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ПРОДОЛЖЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на личен или општествен статус извршена од страна на Министерството за образование и наука кон државната советничка [redacted] во областа работа и работни односи.

**СЕ УТВРДУВА ПРОДОЛЖЕНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ како потежок вид на дискриминација** врз основ на личен или општествен статус извршена од страна на Министерството за образование и наука кон државната советничка [redacted] во областа работа и работни односи.

## **ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

На 27.10.2023 година пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) е поднесена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] од Скопје, државна советничка вработена во МОН, за извршено вознемирување/дискриминација по основ на пол и личен или општествен статус во областа работа и работни односи од страна на Министерството за образование и наука, поранешната министерка [redacted] и сегашниот министер Јетон Шаќири, бр. 08-758/1. Подносителката како потенцијален дискриминатор ја наведува и [redacted] државна советничка која до август 2023 година ја извршувала функцијата државен секретар во МОН и ѝ била непосредно претпоставена.

*"Вознемирувањето/дискриминацијата и понижувањето на работното место започна од денот на вршење на функцијата министер [redacted] од 30.08.2020 до 16.01.2022 во Министерството за образование и наука, а продолжи во континуитет и по преземањето на функцијата министер од страна на Јетон Шаќири од 07.01.2022 и сè уште трае. Јас сум единствена жена – државен советник различно третирана од останатите државни советници, дискриминирана и понижена"*, се наведува во претставката.

[redacted] потенцира дека во периодот на стапувањето на [redacted] како министерка за образование и наука, била работно ангажирана со звање – државен советник за капитални инвестиции во образованието и науката, категорија Б, ниво Б1, во период од 2012 до 23.11.2020 година и работела со посебни овластувања издадени од страна на министрите кои биле во тој период како Раководител на сектор за капитални инвестиции.

Подносителката наведува дека истиот ден кога [redacted] стапила на функција, започнала да го користи првиот дел од годишниот одмор за 2020 година, за што имала уредно Решение за користење годишен одмор, потпишано од тогашниот државен секретар Енвер Усени. Соработниците од кабинетот на [redacted] уште на 2 и 3 септември 2020 година ја контактирале телефонски со порака да се врати веднаш на работното место и да го прекине одморот, на што таа им објаснила дека одморот го користи за грижа на родител кој бил на постоперативна нега. На 07.09.2020 година, повикувајќи се на членовите 49 став 1 и член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државна управа (Сл. весник на РМ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11, 96/19 и 110/19) министерката Царовска издава Наредба за постапување бр. 04-8646/1, со кој го поништува Решението за користење на годишен одмор бр.04-600/1 од 01.07.2020 година и наредува [redacted] да го прекине одморот и да се врати на работа на 09.09.2020 година, заради итни и неодложни работни обврски во Министерството.

*„Наредбата ја испочитував и се вратив на работа, но психичкото вознемирување продолжи од сите кабинетски службеници на министерката вклучително и министерката, а се состоеше во навреди, закани на колегиуми, барање на извршување на задачи за кои немам овластување, кратки рокови за достава на податоци и слично...“*, изјавува подносителката и приложува низа докази во форма на записи од меилови, телефонски повици и низа документи во прилог на тврдењето. Таа посочува дека психичкото вознемирување од страна на министерката [redacted] и нејзините соработници кулминирало на 14.09.2020 година, кога на службена електронска адреса добила Наредба за постапување бр. 04-9159/, во која министерката ѝ *наредува тој ден да остане на работното место по завршување на работното време заради итни и неодложни работни обврски во Министерството, а непостапувањето ќе се сметало за дисциплинска повреда за која ќе се покрене постапка,* по што подносителката побарала прецизирање до кое време треба да остане на работа, за што не добила повратен одговор.

Таа тврди дека на колегиум одржан на 05.10.2020 година, министерката на колегиум и во присуство на заменик министер ѝ се заканила дека ќе ја избрка од работа затоа што што [redacted] негативно одговорила за предметот за АУП Прдејци во 2017 година, кога [redacted] била министерка за труд и социјална политика, а истиот ден во попладневните часови добила меил од посебната советничка на министерката за финансии, кој бил адресиран и до [redacted], во кој ѝ даваат напатствија на кој начин и по кој член требала да одговори на тој предмет од 2017 година. По два дена, подносителката одговорила на мејлот во кој дала детален одговор како и зошто постапила о тој предмет, со прилог на целата документација. Во истиот период, истото барање за позитивно мислење по тој предмет редоставила и тогашната министерка за труд и социјална политика – [redacted], бр. 03-5675/1 од 23.09.2020 година.

Во продолжението на претставката, подносителката наведува дека од 05.10.2020 година *ѝ се влошила здравствената состојба од континуираното психичко вознемирување и започнала да користи боледување.*

*„Со цел да ме деградира и понижи,* [redacted] *одлучува дека таа треба да го потпиши Образецот за оценување за 2020 и да ме оцени со 2-ка, а мене не ми е јасно врз основа на кои критериуми оценувачот* [redacted] *ме оцени со оцена 2 за 2020 година, кога за скоро цела година (8-осум месеци) на полугодишното интервју имам добиено позитивно мислење, а според мои сознанија со писмениот извештај што го остави непосредно претпоставениот – државниот секретар Енвер Усеини во институцијата пред неговото заминување имам висока оценка 5“*, наведува подносителката. Незадоволна од оценувањето, таа поднела жалба до Агенцијата за администрација, од каде донеле Решение бр. 09-693/6 од 22.12.2020 со кое ја уважиле жалбата, ја поништиле постапката за оценување спроведена од МОН и предметот го вратиле на повторно

одлучување. [redacted] не постапила по ова Решение а [redacted] останала неоценет административен службеник за 2020 година, што според неа е доказ дека целта им била да ја навредат и понижат.

На 23.11.2020 година, добила ново Решение за распоредување на работно место и определување на плата бр. 04-13187/1, со кое ја распоредуваат на работно место Државен советник за општи работи, а на 03.12.2020 година добива и Известување бр. 08-13777/1, потпишано од министерката [redacted] во кое ја известуваат дека треба да ја ослободи работната просторија на 12-ти кат што ја користела дотогаш, со напомена дека од 07.12.2020 година работните задачи ќе треба да ги извршува во работните простории на МОН лоцирани во Градскиот Трговски Центар Скопје. Воедно, ја известуваат и дека ја задолжуваат да ги предаде предметите за капиталните инвестиции со записник за примопредавање на четворица административни службеници на ден 04.12.2020 година со почеток во 08.30 часот. *„Просторот е ЧИТАЛНА, наменет за користење од страна на студенти, располага со стручна литература. Просторот е океански систем, бара потполна тишина, нема соодветно работно место (стол, биро, компјутер за службеник) а немам никакви задачи согласно систематизацијата за да седам во читалната“*, наведува подносителката. *„За да ме понижи министерката [redacted] формира комисија за да се раздолжам со преметите пред да ја напуштам канцеларијата... од денот на моето вработување во МОН јас сум единствен административен службеник за кој се формира комисија за раздолжување, што е уште еден доказ дека постапувањето на министерката било тенденциозно насочено кон мене“.*

Во продолжението на претставката, таа наведува дека на 16.01.2022 година, Јетон Шаќири ја презел функцијата на министер во МОН, па иако бил запознаен со одлуките на поранешната министерка, до денот на поднесувањето на претставката, [redacted] не остварила средба со министерот, за што приложува докази. На 21.01.2022 година, на веб-страницата на МОН е објавена веста дека министерот Шаќири одржал координативен состанок со сите државни советници на кој само таа не била поканета, а за настанот се информирала од веб-страницата на министерството. *„Со исклучувањето од објектот на МОН различно сум третирана од останатите државни советници не само во поглед на просторот туку и во секојдневните активности, не сум вклучена во работата на министерството, не ме контактираат за никакви мислења, состаноци и сл. што претставува дискриминаторски и понижувачки однос кон мене“*, вели [redacted] Таа наведува дека во МОН има вкупно 9 државни советници, осум од нив се сместени во соодветни канцелариски простории во МОН, а само таа е сместена надвор од тој објект, во несоодветни услови. Хаџи-Лега потенцира дека од 16.01.2022 година до денес од кабинетот на министерот Шаќири добила само три работни задачи – номинации. Подносителката достави и електронска преписка од 24.03.2023 година каде се гледа дека одделението за човечки ресурси по налог на [redacted] ѝ доставува месечен распоред за водење на евиденција на работното време, на што [redacted] одговара: *„ бидејќи колешката [redacted] е распределена од страна на Мила Царовска во просториите на ГТЦ-читална, заради потреба од соодветна евиденција на работното време, потребна е соодветна евиденција при доаѓање и заминување од работно време, потпишана од неа и истата да се доставува на 23ти секој месец, со писмен допис преку архива со што ќе се регулира соодветно присуството.“* На ова, [redacted] враќа одговор, при што ги додава и електронските адреси на министерот Шаќири и заменикот Агим Нухиу: ***„Почитувани, евиденцијата ќе ви ја доставувам во ексел табелата што ми ја пративте (од денес па во иднина) а до сега по насоките на кабинетот на [redacted] се запишував во заедничката книга (во последната графа) со колегите од одделение од читалната. Имено, одлуката за распределбата која е донесена од страна на [redacted] во просториите на ГТЦ-читална не само што е ДИСКРИМИНАТОРСКО постапување врз основа на пол (родова), истовремено е Директна дискриминација врз дискриминаторска основа бидејќи сум различно третирана од останатите државни советници, исклучена од објектот***

***на МОН, во несоодветни услови за административно работење, се со цел да ми го наруши достоинството и да ме понижи. За жал до денес никој од претпоставените не е обиде да ја исправи грешката и намерата на*** [redacted]

На крај, подносителката наведува дека за времетраењето на мандатот на [redacted] како државен секретар (јануари 2022 – август 2023) не остварила ниту една средба со неа, како нејзин непосреден раководител, не била повикана ни на полугодишно интервју и покрај законската обврска за истото. Со државните секретари [redacted] (државен секретар во мандатот на [redacted]) и [redacted] остварила поединечни средби **на кои ја запознале дека од страна на министер не им се дадени надлежности да одлучуваат за работните места на државните службеници односно дека само министерот носел такви одлуки**.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 31.10.2023 година испрати Известување бр. 08-758/2 за произнесување по наводите од претставката до Министерството за образование и наука. ВО архивата на Комисијата пристигна повратница за уредна достава на која е видливо дека МОН го примиле Известувањето за произнесување на 2.11.2023 година, но не доставија произнесување по наводите од претставката во законски зададениот рок. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација заклучи дека тие одлучиле да не ја искористат својата законски предвидена можност да ги изнесат своите спротивставени факти и аргументи во однос на тврдењата на подносителката.

Заради обезбедување дополнителни факти, согласно член 29 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 19.12.2023 година Комисијата изврши ненајавен увид во просториите на читалната во ГТЦ за да констатира во кои услови подносителката ги извршува своите работни задачи и обезбеди фотографии од истите кои покажуваат дека нејзиниот работен простор е речиси во средишниот отворен океански опремен простор наменет за читање, ограден од околината со полици на книги, кои затвараат околу 6 квадратни метри простор. На средината од овој простор се наоѓа една обична маса, каква што користат студентите, две обични столици и еден лаптоп. Читалната беше преполна со студенти кои работеа во целосна тишина, што упатува дека подносителката во текот на работното време не може да користи телефон без да ја напуши просторијата.

На 22.12.2023 година, Комисијата оствари повторна средба со подносителката во своите простории. Таа дополнително објасни дека освен што е изолирана од другите колеги од МОН, не ѝ се делегираат работни задачи предвидени со актот на систематизација на работните места. Исто така, во прилог на нејзиното тврдење дека нееднаквиот третман кон неа во споредба со другите колеги на иста позиција достави и дополнителни фотографии од претходниот ден – 21.12.2023 година на кои може да се забележи дека министерот организирал предновогодишно дружење со своите соработници – државни советници а единствено таа не добила покана и не учествувала на дружењето, што повторно ја направи да се чувствува деградирано, понижено и омаловажено.

Согласно горенаведеното, Комисијата при одлучувањето ги имаше во вид следниве законски одредби:

**Законот за спречување и заштита од дискриминација** (Сл. весник на РСМ 258/20) во член 6 дефинира дека ***„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.***

*Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација **вклучително и оневозможување на соодветно** приспособување и оневозможување на **пристапност и достапност на инфраструктурата,** добрата и услугите."*

Членот 5 од овој закон гласи: ,,*Се забранува **секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа."***

Ставот 1 од членот 8 гласи: ,,***Директна дискриминација** постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа."*

Во членот 4 точка 12, ,,***Продолжена дискриминација** е дискриминација што е вршена кон едно лице или група непрекинато, во подолг временски период, врз дискриминаторски основи."*

Согласно член 8, ,,**Вознемирувањето** како вид на дискриминација *претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."*

Според член 13 пак, *продолжената дискриминација се смета за **потежок облик на дискриминација.***

**Законот за работни односи** (Сл. Весник на РМ бр. 62/05....111/23) како генерален закон кој ги уредува правата и обврските на работниците и работодавачите, со членот 6 дефинира општа забрана за дискриминација во работата и работните односи:

***,,(1) Работодавачот не смее барателот на вработување (во натамошниот текст: кандидат за вработување) или работникот, да го става во нееднаква положба заради расно или етничко потекло, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидност, религиозното, политичко или друго убедување, членување во синдикатите, националното или социјалното потекло, статус на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности.***

***(2) На жените и мажите мораат да им бидат обезбедени еднакви можности и еднаков третман во врска со: 1) пристап до вработување, вклучувајќи унапредување и стручна и професионална обука во работата; 2) условите за работа; 3) еднаква исплата за еднаква работа; 4) професионални шеми за социјалното осигурување; 5) отсуство од работа; 6) работно време и 7) откажување на договорот за вработување.***

***(3) Принципот на еднаков третман подразбира забрана за директна и/или индиректна дискриминација, во смисла на ставовите (1) и (2) од овој член. "***

Членот 9 од истиот Закон, забранува и вознемирување и полово вознемирување на работното место:

***,,(1) Забранeто е вознемирување и полово вознемирување.***

***(2) Вознемирувањето и половото вознемирување претставува дискриминација во смисла на членот 6 од овој закон.***

***(3) Вознемирување, во смисла на овој закон, е секое несакано однесување предизвикано од некој од случаите од членот 6 на овој закон кое има за цел или претставува повреда на достоинството на кандидатот за вработување или на работникот, а кое предизвикува страв или создава непријателско, понижувачко или навредливо однесување.***
***(4) Полово вознемирување, во смисла на овој закон, е секое вербално, невербално или физичко однесување од полов карактер кое има за цел или претставува повреда на достоинството на кандидатот за вработување или на работникот, а кое предизвикува страв или создава непријателско, понижувачко или навредливо однесување. "***

Во ЗРО, членот 40 кој говори за обврската на работодавачот да му обезбеди работа на работникот, гласи:
***,,(1) Работодавачот е должен на работникот да му обезбеди работа, за којашто страните се договориле во договорот за вработување.***
***(2) Ако поинаку не е договорено, работодавачот на работникот е должен да му ги обезбеди сите потребни средства и работен материјал, за да може непречено да ги исполнува своите обврски и да му овозможи слободен пристап до деловните простории."***

ЗРО со членот 43 ја антиципира и обврската на работодавачот да ја штити и личноста на вработениот:
***,,(1) Работодавачот е должен да ја штити и почитува личноста и достоинството на работникот, како и да води сметка и да ја штити приватноста на работникот.***
***(2) Работодавачот е должен да обезбеди ниеден работник да не биде жртва на вознемирување и полово вознемирување. "***

Согласно сите претходнонаведени аргументации, факти и посочените законски одредби, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека подносителката на претставката била жртва на продолжена директна дискриминација, која започнала од моментот кога претходната министерка [redacted] ја задолжила да ги извршува своите работни задачи на место надвор од работните простории каде се сместени другите службеници, односно ја сместила во неприспособени и неадекватни работни простории со што ѝ го повредила правото на еднаков пристап до соодветни работни простории и услови со споредба со останатите државни советници во министерството, врз основа на нејзиниот личен и општествен статус. Ваквата ситуација трае и денес и покрај тоа што функцијата министер за образование и наука од 16.01.2022 година ја извршува министерот Јетон Шаќири, кој иако имал можност да ја исправи повредата на правото на еднаквост, односно дискриминацијата кон [redacted] како висок административен службеник, не го направил истото. Дополнително, Комисијата утврди дека постојат факти кои се документирани дека паралелно [redacted] била подолго време вознемирувања од страна на поранешната министерка [redacted] и вработените во нејзиниот кабинет, кои се манифестирале како поставување на нереални работни задачи и обврски, издавање наредби за останување на работно место по завршувањето на работното време без прецизирање до кога треба да остане и без дефинирана работна задача, одземање на работни ингеренции и слични навредувачки, омаловажувачки и недостоинствени активности, што резултирале со повреда на личното достоинство и интегритет на подносителката а кулминирале со нејзиното физичко одвојување од официјалните службени простории на МОН каде нема пристап до соодветни работни алатки за извршување на нејзините работни задачи, што претставува создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка и застрашувачка работна средина, врз основа на личната и општествена припадност на подносителката и претставува вид на дискриминација која е забранета со закон. Ваквото однесување и практика продолжила и со доаѓањето на сегашниот министер за образование и наука, Јетон Шаќири, кој воопшто не ја контактирал подносителката, не ја канел на работни средби што ги одржувал со другите државни

советници ниту се обидел да ја поправи ситуацијата што започнала со [redacted]. Со оглед дека [redacted] по завршувањето на функцијата министерка за образование и наука не е носителка на јавна функција, а согласно законските прописи министерот Шаќири како нејзин сукцесор ги презел сите права и обврски од неговата претходничка, Комисијата одлучи како што е наведено во диспозитивот.

Согласно член 27 став 2 од Законот, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација по утврдената дискриминација, ја дава следнава

**П Р Е П О Р А К А**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерството за образование и наука, претставувано и раководено од министерот Јетон Шаќири, да ѝ обезбеди соодветен работен простор во службените простории на министерството каде се сместени останатите државни советници и да ѝ обезбеди соодветен пристап до работни задачи и услови да ги извршува истите на еднаква основа со колегите, со цел да се отстрани констатираната продолжена директна дискриминација кон [redacted] **во рок од 30 дена од приемот на ова Мислење и за тоа писмено да ја извести Комисијата.**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерството за образование и наука да ги применува законските одредби за спречување и заштита од дискриминација во насока да се заштити личното достоинство и интегритет на државната советничка [redacted] со цел да престане продолженото вознемирување кон неа и во иднина да обезбеди услови за ефикасна заштита и почитување на личноста и достоинството на секој вработен во министерството.

Согласно член 27 став 3, лицето на кое е упатена препораката е должно да постапи по истата во зададениот рок, а доколку не постапи по истата, согласно ставот 4 од истиот член, Комисијата ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
15.1.2024

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- Министерство за образование и наука, министер Јетон Шаќири, бул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, 1000 Скопје